**ЗАПИСНИК**
**од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 10.07.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (годишен одмор), д-р Методија Јанчески (годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, Димитар Тануров.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ, Звонко Плавевски од Вечер и Столе Наумов од РА Канал 77.

Г-дин Петрушевски ја отвори 27 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-ѓа Машовиќ и г-дин Јанчески се на годишен одмор и нема да присуствуваат на седницата. Во врска со предложениот Дневен ред најави дека под Разно ќе се разгледува уште една точка за која што членовите на Советот неколку часа пред започнување на седницата го добија материјалот. Станува збор за Предлог за изрекување мерка - јавна опомена на ДПТУ СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија. Предложи оваа точка да биде ставена под број 8, а Точка Разно да биде 9. Објасни дека минатиот пат имал забелешки од колегите дека треба да се избегнува точките кои се побитни да се ставаат под Разно и дека треба да се вградат во Дневниот ред.

Советот на Агенцијата, со предлогот за корекција, едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.07.2019 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година.

3. Предлог-одлука за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста на Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга.
4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-стока: Службена облека.
5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: Одржување на лифтови.
6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.
7. Предлог-одлука за обновување на 4 кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија".
8. Предлог за изрекување мерка - јавна опомена на ДПТУ СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 5 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.07.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година, објасни дека тие се од информативен карактер со можност за дискусија. Не се бара објаснување од директорот и од вработените.

Г-дин Фиданоски рече дека ги разгледал кварталните извештаи за кои рече дека се исцрпни и детално ја опишуваат работата на Агенцијата. Објасни дека во дискусијата ќе се фокусира на две мали дилеми. Во делот на мониторинг за избори има една формулација која вели: *„исклучок е ТВ Сител кај која има поголеми разлики во отстапеното време од една страна за претседателските кандидати Пендаровски и Силјановска-Давкова а од друга страна за кандидатот Река."* Праша дали таа формулација значи дека имало премногу време за првите двајца, а премалку за третиот кандидат?

Г-дин Трајчевски објасни дека во делот на известувањето во информативната програма претседателскиот кандидат Река имаше помалку активности. Наведената телевизија известувала за тие активности, меѓутоа во помал обем во однос на активностите што ги имале другите двајца кандидати. Исто така во делот на ППР кај ТВ Сител застапеноста на кандидатот Река е помала во однос на Пендаровски и Силјановска Давкова што е неоспорен факт и одлука на изборниот штаб на кандидатот за претседател Река.

Г-дин Фиданоски во врска со дозволите кај радиодифузерите рече дека прочитал едно интересно образложение кое сака јавно да го прокоментира. Имено на барањето за локално радио за Струга стои образложение дека има интензивно

мешање на фреквенции од соседни држави како Албанија и Грција. Праша дали тоа преставува пречка за работата на тоа локално радио?

Г-дин Трајчевски одговори дека прецизен технички одговор би се добил ако се побара мислење од Агенцијата за електронски комуникации. Агенцијата всушност така го доби мислењето од АЕК дека најверојатно е од соседните држави. Ваква ситуација имаше и за Струмица за Радио Марија кога се доделуваше дозволата. Барателот за доделување дозвола за Струга беше известен за состојбата дека ќе има интерференција и ако се согласи, потоа ќе биде направена Студија. Ако рече дека не се согласува со тие технички услови нема да се оди на изработка на Студија.

Г-дин Фиданоски во делот на меѓународната соработка прочитал присуство на претставници од Агенцијата конкретно м-р Емилија Јаневска на конференција во Сараево, каде меѓу другото станало збор и за спортските права. Во таа насока побара подетално објаснување околу спортските права во смисла какви биле дебатите, насоките, препораките.

Г-дин Трајчевски му одговори дека на конференцијата беше присутен и м-р Сашо Богдановски и по завршување на седницата ќе му биде даден материјалот од настанот.

Г-дин Фетаи рече дека добро е опишана кварталната обврска на Агенцијата, дека ги задоволува стандардите што е и очекувано, нема забелешки и дека ќе ги поддржи извештаите.

Г-дин Петрушевски по завршување на дискусијата рече дека нема гласање по оваа точка бидејќи извештаите се од информативен карактер, за Советот да биде во тек со работата на Агенцијата, за да не останат сите извештаи на крајот на годината да се разгледуваат, туку вака континуирано да се следат.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста на Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга. Објасни дека во кварталниот извештај една од најзначајните активности во изминатите три месеци е доделување на оваа дозвола односно завршување на процесот кој траеше скоро една година од почетокот на изработката на Студијата, преку објавување на конкурсот и оценување на пристигнатите понуди. При доделувањето на дозволата, кандидатот сега ЈОН-РАДИО од Струга наведе дека ќе започне со работа на крајот на месец јули 2019 година, односно три месеци по добивање на дозволата. Ова значи дека имаше релативно краток временски период за да може да воспостават мрежа на територијата на целата држава, бидејќи тие треба да имаат најмалку 80% покривање. Во меѓувреме тие формираа трговско радиодифузно друштво и ја известија Агенцијата. Потоа Агенцијата ја изработи и ја издаде фактурата за годишен надоместок за вршење радиодифузна дејност на наведениот радиодифузер кој ја плати во целост. Минатата недела до Агенцијата е поднесено Барање за продолжување на рокот за уште три месеци за отпочнување со работа. Рече дека негова должност е да го информира Советот дека и во изминатиот период, претходните состави на Советот за радиодифузија вршеле продолжување на дадениот рок за отпочнување со работа на радиото и во материјалите се дадени два примери од 2010 година кога Советот донел одлука за доделување дозвола за радио

емитување на територијата на Скопје, како и на Крива Паланка. На истите радиодифузери им била дадена можност во неколку наврати да го пролонгираат почетокот на работата од кој што едниот радиодифузер РФМ од крајот на 2012 година почнува со емитување на програма иако имал рок од 6 месеци. Другиот кандидат ЕКО РАДИО кој не станал радиодифузер, Советот во декември 2012 година, две години по доделувањето на дозволата, му ја одзема дозволата бидејќи до тогаш воопшто не регистрирал трговско радиодифузно друштво и не започнал со работа. Во овој случај кај радио ЈОН, во тендерската документација наведено е дека се бодира и периодот во кој ќе почне со работа, и за дадениот период од негова страна дека во рок од 90 дена ќе започне со работа добил 4 бода. Но, во овој случај тоа не претставува проблем и пречка бидејќи другите двајца кандидати не ги исполнуваа условите и со бодирањето за почетокот на радио емитување не се нарушува скалата за евалуација бидејќи имаше само еден кандидат со целосна документација. Затоа предлогот е да му се овозможи уште три месеци пролонгирање на почетокот на работата. Објасни дека според него претходно наведениот период од три месеци е премал и кога го поднеле барањето тој рок можеби требаше да биде подолг бидејќи реално многу активности се потребни кои треба да се реализираат на терен, но сепак тоа била одлука на менаџерскиот тим на ЈОН Радио.

Г-дин Фетаи рече дека по даденото образложение од страна на директорот тој нема дилеми околу предлогот за продолжување на рокот бидејќи ТРД ЈОН Радио е сериозен приватен инвеститор кој го платил годишниот надоместок за дозволата. Тоа покажува дека има сериозни намери за започнување со работа. Се согласува дека тоа преставува една обемна работа, треба да се изгради цела мрежа низ државата. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот и дека искрено посакува тој да успее во намерата.

**Издвоено мислење на г-дин Трајчев:** г-дин Трајчев рече дека не учествувал во носење на Одлуката за доделување на дозволата за ЈОН Радио, но независно од тоа Советот гласал и сега треба да се произнесе по дадениот предлог за продолжување на рокот врз база на поднесено Барање, односно по дадено образложение од директорот дека треба да се прифати тој даден предлог. Според него, фактот што Законот предвидел во член 82, дека ненавременото започнување со работа е основ за одземање на дозволата, претставува суштествен елемент во целата постапка. Дополнително на тоа е и фактот како што кажал и директорот, дека во самата понуда е даден тој рок за започнување со дејноста кој потоа со евалуација е бодувана. Таа понуда е дадена и од самиот кандидат и не е тоа нешто што му е наметнато. Исто така дополнително, со дадената Одлука за доделување дозвола каде што е предвиден тој рок му е дадено право на правна поука, каде што има право благовремено да реагира ако не се согласува со тој рок. Се изјасни дека тој лично нема да го поддржи предлогот.

Г-дин Петрушевски рече дека ова доделување на дозвола за радио на државно ниво на албански и македонски јазик е работа што Советот ја зборува најмалку 8 години наназад и принципиелно секогаш имало согласност да овој проект се започне и заврши. Сега се создаде шанса. Во минатото двапати претходниот состав на Советот и Агенцијата постапила на вакви барања и дала согласност. Според него рече дека треба да се прифати барањето на ТРД ЈОН Радио и штета би било по тие 8 години залагање сега да не му се даде шанса на радиодифузерот да ја заврши работата. Комплексна е работата, треба да обезбеди предаватели на ниво на цела држава. Како

што читал во материјалите тој планирал да ги земе предавателите од РА Слободна Македонија коешто сега е во стечај. Во тој дел има и правни процедури и не е само тој да има пари и да ја заврши работата. Според него тоа е оправдано задоцнување и ќе го поддржи предлогот. Смета дека штета би било поради ваква процедура овој проект да пропадне. Објасни дека врз ставот на колегата не може да сугерира, самиот си знае како ќе реагира, но смета дека би било пожелно да даде поддршка на овој предлог кога веќе и самиот наназад со години изјавувал и беше во тие луѓе што даваа поддршка на овој проект. Би сакал да бидат принципиелни до крај и да го поддржат барањето. Рече дека тој лично ќе го поддржи.

Г-дин Ајдини рече дека исто така во Барањето од ЈОН-РАДИО го известуваат Советот дека имаат обезбедено средства за започнување со работа. Тоа е еден голем факт да одлучат да започнат со работа. Го поддржува предлогот.

Г-дин Фиданоски рече дека не е спорно дека Советот и Агенцијата како регулатор имаат заложби неколку години наназад, повторени со заклучоци во годишните програми за работа на Агенцијата, дека секогаш односно тогаш кога ќе се создадат технички услови и секакви други ќе се отвори процедурата односно ќе се даде можност да се формира или да почне да функционира радио коешто ќе емитува програма на државно ниво, комерцијално радио со доминантна програма на албански јазик. Таквата можност се отвори. Во таа насока дискутирале минатите седници кога се носеше оваа одлука и тој лично ќе даде поддршка на барањето да се продолжи рокот. Самиот факт дека ја платил фактурата овој радиодифузер иако не започнал со работа кажува дека има сериозни намери да работи. За да бидат до крај сериозни затоа што ова прашање е сепак сериозно, смета дека би било целисходно од имателот на дозволата да добијат образложение, бидејќи ако не беше пролонгирањето на рокот, на крајот на јули кажал и г-дин Трајчевски, ќе требаше да почне со работа, а сега бара до крајот на октомври да трае тоа пролонгирање. Би било поцелисходно бидејќи има искуство од тоа како функционира некој медиум од почеток и како течат тие подготовки, да добијат некакво образложение од нивна страна писмено или како ќе биде тоа, поконкретно кога таа опрема ќе биде преземена, дали има конкретни датуми или периоди, не мора до точен ден, колку време ќе му биде потребно за да се инсталира опремата. Има така наречени ладни проби, кога се проверува системот дали функционира без да емитува програма, внатрешно само дали целиот систем на медиумот функционира. Ако смета дека тоа е деловна тајна нема да ја каже, меѓутоа можеби би било целисходно да добијат некое образложение со таква динамика доколку сака за да имаат целосна слика и увид во состојбата во која се наоѓа. Навистина ова што го бара не е спорно, три месеци плус, и се надева дека ќе успее да го реализира, да го оствари и да може да почне да функционира во етерот некаде од 1 ноември оваа година.

Г-дин Трајчевски рече дека Агенцијата нема законска надлежност да го бара ова од него, но сепак може да се прати допис. Ако станува збор за опремата од РА Слободна Македонија, таа е веќе монтирана и била во функција, само ќе треба правно да се преземе опремата и да се смени сопственикот и голем дел од таа опрема е монтирана на објекти на Македонска радиодифузија. Била во функција само треба повторно да се рестартира. Тоа е негова деловна одлука дали ќе продолжи во тој процес или ќе набави друга опрема, но може да се побара да ги информираат за динамиката за реализација на целиот процес.

Г-дин Фиданоски рече знае дека нема законска надлежност да му се побара тоа задолжително, но се повикува на добра волја и сериозност. Смета дека е сериозен а не е спорно дека тие репетитори се во функција. Кога го прочитал Барањето прочитал опрема и под тоа разбрал не само репетитори туку и можеби внатрешна опрема за радиото кое треба да се демонтира, па да се монтира на друго место, па дали функционира и сето тоа зема време. Повикувајќи се на добра волја и сериозност на имателот на дозволата, ако не е спорно рече да се побара една информација во која ќе ја опишат динамиката за да членовите на Советот имаат увид како тоа ќе тече процесот во следните три месеци.

Г-дин Фетаи рече дека после овие дискусии и после ова што ќе одлучат дека го прифаќаат одложувањето од три месеци, се согласува со г-дин Фиданоски, да им се побара на некој начин информација каква им е состојбата и како ќе течат активностите. Уште еднаш рече дека нема дилеми бидејќи тие економски се во состојба да го реализираат тоа што го ветиле и во ова време да инвестираат. Ќе ја донесе Советот одлуката за пролонгирање и со еден допис заедно со одлуката да се побара динамиката. Смета дека нема да се прекрши Законот и тие ќе напишат информација како што и навеле во барањето дека чекаат носење на некоја судска одлука поради специјалната постапка.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за" и еден глас против со издвоено мислење од г-дин Трајчев, донесе Одлука за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста, за радио емитување на програмски сервис, говорно - музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, утврден во точка 5 од Одлуката Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година и во Дозволата за радио емитување, бр.08-234 од 30.04.2019 година.

Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, се обврзува да започне со вршење на дејноста најдоцна до 31.10.2019 година. Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста, согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Секторот за правни работи да подготви писмен допис до ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга со кој ќе побара радиодифузерот да достави информација за активностите кои планира да ги преземе во следните три месеци - август, септември и октомври 2019 година за започнување со вршење на дејноста за радио емитување и нивната динамика.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-стока: Службена облека. Објасни дека Правилникот за службена облека и обувки на вработените во Агенцијата

предвидува лицата кои се распределени на работните места работник во кујна, работник на пријавница и возач/доставувач да им биде обезбедена соодветна службена облека како што е дефинирано во правилникот. Станува збор за постапка за набавка од мала вредност.

Г-дин Петрушевски објасни дека по новиот Закон за јавни набавки, набавка од мала вредност се смета за набавка во противвредност од 5000 евра. Овој закон стапи во сила од 1 април оваа година и може да се јават неограничен број на понудувачи.

Раководителката Митревска појасни дека набавка од мала вредност се смета за набавка до 10 000 евра.

Г-дин Петрушевски се согласи но рече бидејќи оваа набавка е во износ на проценета вредност од 300.000,00 денари затоа рекол 5000 евра.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Службена облека.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–стока: Службена облека, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 5**

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Одржување на лифтови. Објасни дека оваа набавка е групна бидејќи ќе се реализира заеднички со Агенцијата за млади и спорт.

Г-дин Фиданоски праша дали износот што е ставен во материјалите е за вкупната вредност, на што му беше потврдно одговорно.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа, за период од 2 (две) години, групна набавка, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2020-та година.

**Точка 6**

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.

Советот на Агенцијата даде едногласно одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи Предлог-одлуката за обновување на 4 кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија". Објасни дека Агенцијата имаше потреба од 6 пристапи, меѓутоа бидејќи во различен период истекува рокот за пристап, сега се поднесува Барање за 4 пристапи кои ќе ги користат вработените од Секторот за правни работи.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е стандардна набавка со единствен понудувач. Службениот весник е единствено тој што ја овозможува оваа услуга, нема друг понудувач, парите се фиксни за сите во државата. Бидејќи тие како Совет имаат обврска сите финансиски трансакции претходно да ги одобрат, затоа барањето за одобрување е предложено до нив.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за финансиски средства во износ од 44.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", за период од 12 (дванаесет) месеци.

Горенаведениот износ на средства е обезбеден со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка - јавна опомена на ДПТУ СПАЈДЕР-НЕТ Гевгелија. Објасни дека при редовен програмски надзор спроведен на 8 јули 2019 година беше констатирано дека операторот СПАЈДЕР-НЕТ спротивно на член 141 од ЗААВМУ го реемитува програмскиот сервис „Hayat Plus", кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3443/1 од 09.07.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на ДПТУ СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија, и му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи

реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата. Од таа причина се предлага да му се изрече мерка јавна опомена.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Гевгелија и Богданци, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Hayat Plus“, кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Се задолжува Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, да изврши контролен надзор со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3411/8**
**25.07.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**